


enterprise europe network

Мрежа на бизнис можности

# ONLINE ВОДИЧ ЗА ИЗВОЗ НА СТОКИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

АПП
АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

European Commission

# Содржина

1. Вовед ........................................................................................3

2. Тарифни броеви и увозни царини за производи....................4

3. Царинска документација ........................................................6

4. Увозни тарифни квоти..............................................................8

5. Правила на потекло .................................................................9

6. Данок на додадена вредност ..................................................11

7. Акцизи .........................................................................................12

8. Други корисни извори на информации..................................13

# ВОВЕД

Малите и средни компании, како и големите компании во Европската Унија и пошироко, редовно треба да собираат одредени релевантни информации за работењето во ЕУ или работењето со компаниите во ЕУ.

Компаниите кои увезуваат стоки во ЕУ мораат да ги знаат царинските тарифни броеви за своите производи, како и листата на увозни документи кои треба да се поднесат на царинските органи.

Може да им биде корисно да проверат дали се применуваат повластени увозни царински стапки и да утврдат кои правила на потекло се применуваат.

Исто така, корисно е да се знаат локалните даноци во државите членик на ЕУ, како што се ДДВ и акцизите.

Овој online водич настојува да ги упати корисниците на изворите на релевантни информации, каде можат да се најдат конкретни одговори од горе споменатите области.

Во водичот накратко се објаснуваат кои извори нудат информации од одредени области, како и практични совети за барање информации на меродавни интернет страни.

## ТАРИФНИ БРОЕВИ И УВОЗНИ ЦАРИНИ ЗА ПРОИЗВОДИ

Каде можам да најдам информации за тарифините броеви на производите и соодветните увозни царински стапки?

Која е тарифната ознака за кујнски мебел од дрво?

Колкава увозна царина треба да се плати за увоз во ЕУ на таква стока која е произведена во Македонија?

Одговорите на овие прашања можете да ги погледнете на две подолу наведени интернет страници.

**1. извор на информации**: **TARIC** - база на податоци на Европската Комисија

**интернет страница:** http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds2/taric/taric_consultation.jsp?Lang=en

*Што е TARIC?*

**TARIC** - (Integrated Tariff of the European Communities = интегрирана царинска тарифа на Заедницата) е интернет база на податоци во која се интегрирани сите мерки кои се однесуваат на тарифите, комерцијалната и земјоделската легислатива. Со користењето на TARIC ја избегнувате потребата да пребарувате низ стотиците страници на ЕУ Службениот весник - и во многу читлива форма, бесплатни информации, кои се ажурираат на дневна основа.

*Како да пребарувате?*

Пријавете се на горе наведената страница, побарајте ја соодветната тарифна ознака на производот (=taric cod), преку внесување на на кодот доколку го знаете или втора можност е да пребарувате согласно TARIC кодот по хиерархиски редослед. Во полето Држава на потекло/одредиште (Country of origin/destination) ја одбирате Република Македонија. Тука ќе ги најдете сите соодветни царински стапки и објаснувања.

**2. извор на информации: EXPORT HELPDESK** – Интернет сервис за помош на корисниците, врзано за извозот на државите во развој во ЕУ

**интернет страница:** http:/www.exporthelp.europa.eu

*Што е EXPORT HELPDESK?*

**Export Helpdesk** е интернет сервис на Европската Комисија кој има за цел да информира за тоа како да се извезува во ЕУ. Овој бесплатен и едноставен за користење, сервис, обезбедува релевантни информации за извозниците

заинтересирани да го снабдуваат пазарот на ЕУ. На оваа интернет страница можете да најдете информации за условите за увоз во ЕУ, тарифи, трговски повластени аранжмани и статистики, наменски, по производ и држава.

*Како да пребарувате?*

Пријавете се на горе наведената страница, на линкот увозни царински стапки (import tariffs) ќе го најдете образецот за увозни царински стапки (import tafiffs input forms), во кој внесувате ознака на производот, државата на потекло (Република Македонија) и датум. Тука ќе ги најдете соодветните царински стапки и објаснувања.

**Дополнителен извор на информации: BINDING TARIFF INFORMATION (BTI) -** Интернет алатка за „Задолжителните тарифини информации".

**интернет страница:** http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds2/ebti/ebti_home.jsp?Lang=en

*Што е BINDING TARIFF INFORMATION - BTI?*

**BTI** – (Binding Tariff Information = **З**адолжителни **Т**арифни **И**нформации) е систем креиран од Европската Комисија како алатка за помош на корисниците која овозможува корисниците да добијат точна информација за тарифната класификација на стоките кои имаат намера да ги увезат или извезат. BTI се издава на *барање* на корисникот од страна на царинските авторитети на земјите членки на ЕУ. Документот е валиден за Европската заедница во целина, независно од која земја членка е издаден. Главната корист за корисникот е правната сигурност во однос на тарифната класификација. Ова е важно, бидејќи тарифната класификација е основа за определување на царинските давачки, извозните рефундирања и примената на други поврзани правни обврски, како на пример: сертификати за увоз/извоз.

*Како да пребарувате?*

Доколку и понатаму несте сигурни која е точната тарифна класификација, царинските органи на државите членки можат да ви доставaт правно обврзувачки примерок, кој вообичаено е бесплатен, но подлежи на исполнување на определени услови.

Пријавете се на горе наведената страница и пополнете го образецот кој се наоѓа на линкот ЗТИ образец (BTI application form) и испратете го до една од надлежните царински авторитети на земјите членки на Европската Заедница (документот е валиден за целата ЕЗ независно која држава членка го има издадено).

## ЦАРИНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Кои услови треба да ги исполни мојот производ за да може да влезе на пазарот на ЕУ?

Кои се правилата за етикетирање, техничките стандарди?

Одговорите на овие прашања можете да ги погледнете на две подолу наведени интернет страници.

**1. Извор на информации: EXPORT HELPDESK – link: Requirements and Taxes** Интернет сервис за помош на корисниците, врзано за извозот на државите во развој во ЕУ (линк: Услови и Даноци)

**интернет страница:** http:/www.exporthelp.europa.eu

*Кои информации можете да ги најдете на EXPORT HELPDESK – link: Requirements and Taxes?*

**EXPORT HELPDESK – link: Requirements and Taxes** на кој можете да добиете информации за тоа кои услови морате да ги исполните за да увезете стока во ЕУ и да ја пласирате на пазарот. Исто така, ќе најдете информации за генералните услови (сите документи кои ви се потребни за царинење) кои се применуваат за сите продукти, како и за специфичен производ (детални информации за увозните услови за конкретен производ кои се применуваат во државата на крајна дестинација).

*Како да пребарувате?*

Пријавете се на горе наведената страница, на линкот: Услови и Даноци (Requirements and Taxes) и пополнете го образецот за внес на податоци (Requirements and Taxes Input Form), во чии рамки се пополнува кодот на производот, државата на потекло и крајна дестинација. На овој начин ќе добиете список на сите услови/барања кои за вашиот производ треба да ги исполните за да извезете во државата на вашата крајна дестинација.

**2. Извор на информации: EXPORT HELPDESK – link: Preferential Arrangements** Интернет сервис за помош на корисниците, врзано за извозот на државите во развој во ЕУ (линк: Повластени Аранжмани)

**интернет страница:** http:/www.exporthelp.europa.eu

Сакам да дознаам повеќе за различните трговски режими кои се на располагање на земјите во развој?

Кои документи се потребни за повластен царински третман во рамките на овие режими?

*Кои информации можете да ги најдете на EXPORT HELPDESK – link: Preferential Arrangements?*

**EXPORT HELPDESK** – **link: Preferential Arrangements** на кој можете да добиете информации за различните повластени аранжмани меѓу ЕУ и земјите во развој, вклучувајќи ја и Република Македонија. Исто така, тука можете да добиете информации за документот (доказ за потекло) кој е потребно да го презентирате за да се квалификувате за повластена тарифа.

*Како да пребарувате?*

Пријавете се на горе наведената страница, на линкот: Повластени аранжмани (Preferential Arrangements) и пополнете го образецот за внес на податоци (Preferential Arrangements Input Form), во чии рамки го избирате и повластениот режим кој се однесува на Република Македонија (Договор за Асоцијација и Стабилизација), како и документите кои ви се потребни за квалификација.

# УВОЗНИ ТАРИФНИ КВОТИ

Стоката која се увезува во ЕУ понекогаш може да подлежи на пониски увозни царински стапки, но таа предност е ограничена на одредена количина на производот.

Како можам да најдам информации за овие тарифни квоти?

Одговорот на ова прашање можете да го најдете на подолу наведената интернет страница:

**извор на информации: QUOTA - Tariff quotas and ceilings**

Online база на податоци на Европската Комисија за царински квоти и ограничувања

**интернет страница:** http://ec.europa.eu/taxation_customs/common/databases/quota/index_en.htm

*Што е QUOTA?*

**QUOTA** - (Tariff quotas and ceilings = тарифни квоти и ограничувања) е online база на податоци со најнови информации за тарифните квоти и ограничувања кои се во примена, балансот за секоја тарифна квота за тековната и минатата година, како и информација за датумот кога некоја конкретна тарифна квота е исцрпена.

*Како да пребарувате?*

Пријавете се на горе наведената страница, на линкот: Европа (Europa) и пополнете го образецот Консултација за квотите (Tariff quota consultation). Доколку го знаете бројот на нарачката, директно од базата на податоци QUOTA ќе добиете информација за состојбата на квотите, но ако не го знаете бројот на нарачката, прво побарајте го царинскиот тарифен број во базата на податоци TARIC.

За подетални информации за тарифните квоти и ограничувања можете да стапите во контакт со царинските органи на државите членки

Некои тарифни квоти на Заедницата, посебно оние за одредени земјоделски производи, не се водат по принципот на прв дојден, прв услужен. Информации за моменталната состојба на овие тарифни квоти можат да се добијат од одговорните служби на Комисијата (Генерален Директорат за Земјоделие)

## ПРАВИЛА НА ПОТЕКЛО

Кои држави имаат договори со ЕУ за повластена трговија?

Како извозникот/увозникот може да ја докаже државата на потекло на производот за да може при увоз на стока во ЕУ да користи повластени царински стапки?

Каде може да се најдат информации за правилата за утврдување на државата на потекло?

Одговорите на овие прашања можете да ги најдете на подолу наведените интернет страници.

**1. извор на информации: Roles of Origin** - Европска комисија – Оданочување и царинска унија – Правила на потекло

**интернет страница:**
http://ec.europa.eu/taxation_customs/customs/customs_duties/rules_origin/index_en.htm

*Кои информации можете да ги најдете* на *Roles of Origin?*

Оваа интернет страница се состои од 4 главни делови: Вовед, Неповластено потекло, Повластено потекло и Царинска унија (со Турција, Андора и Сан Марино). Во овие рамки можете да се информирате за основниот концепт за потеклото на стоките, задолжителни информации за потеклото на стоките (=binding origin information, BOI), контролна листа, како и основните аспекти за повластено и неповластено потекло на стоките.

*Како да пребарувате?*

За да пронајдете информации за правилата на потекло, на горе наведената интернет страница во воведниот линк (Introduction), го одбирате линкот: список на држави кои не се членки на ЕУ (list of non-EU countries), ја одбирате Република Македонија за да дознаете кој повластен договор се применува – во случајот со Република Македонија: Договорот за асоцијација и стабилизација, каде се детерминирани правните рамки, специфичните одредби, доказ за потекло*. Прочитајте на кој начин задолжителните информации за потеклото на стоките (Binding Origin Information, BOI) можат да ви помогнат. Исто така, проверете ја контролната листа (check-list) за да утврдите кој дел од страницата се однесува на вашиот проблем или прашање.

**2. извор на информации: EXPORT HELPDESK – link: Preferential Arrangements – Roles of Origin**

Интернет сервис за помош на корисниците, врзано за извозот на државите во развој (линк: Повластени Аранжмани – Правила на потекло)

**интернет страница:** http://www.exporthelp.europa.eu

*Кои информации можете да ги најдете на EXPORT HELPDESK – link: Preferential Arrangements – Roles of Origin?*

**EXPORT HELPDESK – link: Preferential Arrangements-Roles of Origin** (линк: Повластени Аранжмани – Правила на потекло) на кој можете да добиете информации за документот (доказ за потекло) кој треба да го презентирате за да се квалификувате за повластена тарифа. Исто така, можете да се информирате за повластените правила на потекло, со кои се утврдуваат специфични правила кои треба да бидат исполнети.

*Како да пребарувате?*

Пријавете се на горе наведената страница, на линкот: Повластени аранжмани (Preferential Arrangements) и пополнете го образецот за внес на податоци (Input Form), во чии рамки го избирате и повластениот режим кој се однесува на Република Македонија (Договор за Асоцијација и Стабилизација), како и кодот на производот. На овој начин можете да ги најдете информациите за обработка или преработка на материјалот кој нема потекло, а кои се потребни за да се додели статус на производ со потекло.

# ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Колкави се стапките на ДДВ во државите членки на ЕУ?

Како компанијата може да изврши проверка на валидноста на единствениот даночен број на даночниот обврзник во системот, клиент од некоја држава членка?

Одговорите на овие прашања можете да ги најдете на подолу дадената интернет страница.

1. **извор на информации: VAT – Value Added Tax** - Европска Комисија – Општа управа за оданочување и царинска унија – Данок на додадена вредност

**интернет страница:** http://ec.europa.eu/taxation_customs/taxation/vat/index_en.htm

*Кои информации можете да ги најдете на VAT?*

Оваа интернет страница содржи информации за клучните документи кои се однесуваат на оваа проблематика, како функционира ДДВ во ЕУ, ДДВ и бизнисот, потрошувачите, контрола и спречување на измама.

*Како да пребарувате?*

За да пронајдете информации за ДДВ, треба да се пријавите на горе наведениот линк и пребарувајте зависно од информацијата која ви е потребна:

1. Доколку ви се потребни информации за стапките на ДДВ кои се применуваат во државите членки на ЕУ, погледнете го линкот која се однесува на ДДВ – Како функционира ДДВ– Стапки (VAT – How VAT works – Rates)
2. За да најдете информации за примената на ДДВ во државите членки на ЕУ, погледнете го линкот ДДВ – Трговци – ДДВ во ЕУ (VAT – Traders – VAT in the EU)
3. За да најдете информации за правилната пресметка на ДДВ во работењето со државите членки на ЕУ, погледнете го линкот ДДВ – Трговци – Правила за фактурирање (VAT – Traders – Invoicing rules)
4. За да го најдете единствениот даночен број на на даночен обврзник, компанија од ЕУ, погледнете го линкот ДДВ – Трговци – Проверка на ДДВ број – Интернет страница (VAT – Traders – Cheking a VAT number – Website). Всушност, станува збор за on line база на податоци на Европската Комисија - Систем за Размена на Информации за ДДВ (**V.I.E.S** - **VAT Information Exchange System**). Оваа база на податоци овозможува компаниите да добијат брза потврда на единствениот даночен број на своите трговски партнери за конкретна земја.

# АКЦИЗИ

Кои акцизи на алкохол, тутунски производи и енергенти мора да се плаќаат во секоја држава членка на Европската Унија?

Одговор на ова прашање можете да најдете на подолу прикажаната интернет страница.

**1. извор на информации: Excise duties on alcohol, tobacco and energy** - Европска Комисија – Општа управа за оданочување и царинска унија – Акциза на алкохол, тутун и енергија

**интернет страница:** http://ec.europa.eu/taxation_customs/taxation/excise_duties/index_en.htm

*Кои информации можете да ги најдете на Excise duties on alcohol, tobacco and energy?*

Оваа интернет страница содржи информации за ЕУ легислативата за акцизните стоки, детални информации за акцизите на алкохол, тутун и енергија.

*Како да пребарувате?*

За да најдете информации за акцизите, на горе наведената интернет страница, го одбирате линкот: Алкохолни пијалоци – Стапки (Alcoholic beverages – Rates), каде се дадени информациите за акцизите на алкохолните производи во државите членки на ЕУ.

На ист начин можете да дојдете и до информации за:

- Акцизите на тутун – Тутунски производи – Стапки (Tobacco products – Rates)
- Акцизите на Енергетски производи - Стапки – (Energy products – Rates)

## ДРУГИ КОРИСНИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

**1. извор на информации: CBI - Centre for the Promotion of Imports from developing countries** – Центар за промоција на увозот од земјите во развој

**интернет страница:** http://www.cbi.eu/

**CBI** (Centre for the Promotion of Imports from developing countries – Центар за промоција на увозот од земјите во развој) е Агенција на Министерството за надворешни работи на Холандија, насочена кон зголемување на конкурентниот капацитет на МСП извозниците и производителите во земјите во развој, кои примарно се фокусираат на Европските пазари. На горе наведениот линк за извозниците особено се корисни информациите содржани во линкот Пазарни Истражувања (Market Intelligence), каде можете да пребарувате по категории на производи и да добиете релевантни информации за легислативата, пазарните истражувања за конкретен производ, водичи за извоз, контакти од увозници, движења на цените и слично.

**2. извор на информации: ITC – International Trade Centre** – Меѓународен Центар за Трговија

**интернет страница:** http://www.intracen.org/

**ITC** (International Trade Centre = Меѓународен Центар за Трговија) е единствена меѓународна организација фокусирана исклучиво на развој на трговијата во земјите во развој. На горе наведениот линк за извозниците особено се корисни online алатките за анализа на пазарите (Market Analysis Tools http://legacy.intracen.org/marketanalysis/: Trade map, Market Access Map, Investment Map, Standards Map, Trade Competitiveness Map). Овие алатки овозможуваат да се истражи статистиката за извоз и увоз на преку 220 земји, со цел полесно разбирање на трендовите на понуда и побарувачка за околу 5300 производи на меѓународните пазари и се бесплатно достапни до 31 Декември 2012 година за земјите во развој, вклучувајќи ја и Република Македонија.

**3. извори на информации во РМ**

**Царинска Управа на Република Македонија:** http://www.customs.gov.mk

**EXIM** (Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти): http://www.exim.gov.mk




enterprise
europe
network

*Мрежа на бизнис можности*

Neither the European Commission nor any person acting on behalf of the European Commission is responsible for the use which might be made of the information contained herein. The views in this publication are those of the author and do not necessarily reflect the policies of the European Commission.